**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-610/3
22.08.2019 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија"бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 124/10 и 51/11), **Општина Гевгелија**, на ден 22.08.2019 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиската оцена се објавува на веб страната на општина Гевгелија.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија, нема да има влијание врз животната средина од следниве причини: За град Гевгелија е донесен Измена и дополнивање на Генерален урбанистички план за општина Гевгелија во 2012 година со кој се дефинирани основните насоки за идно планирање на просторот. За таа цел е изготвена Стратегиска оцена за влијанието на планскиот документ врз животната средина со арх.бр.08-8418/2 од 13.10.2011 година. Согласно ова Деталниот урбанистички план за дел од блок 7 (7.5), општина Гевгелија, како плански документ од понисок ранг ги содржи информациите од повисокиот плански документ.
4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Гевгелија и Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на веб страната.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t-home.mk
www.gevgelija.gov.mk